АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА
НА ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 02-732/7
29.12.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на членот 158-ѕ точка 1) и членот 122 став (1) точка 4) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015 и 23/2016), а во врска со член 6 од Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси ("Службен весник на Република Македонија" бр.169/2010, 141/2013, 61/2016), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седницата одржана на 29.12.2016 година донесе:

# ОДЛУКА

## ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ВРЕДНУВАЊЕ НА ДОЛЖНИЧКИТЕ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕМААТ КОТИРАНА ПАЗАРНА ЦЕНА НА АКТИВЕН ПАЗАР

Член 1

Со оваа одлука се одредува начинот на кој друштвата за осигурување треба да ја утврдат објективната вредност на должничките хартии од вредност издадени од Република Македонија кои немаат котирана пазарна цена на активен пазар, а можат да се стекнат од издавачот на примарен пазар или на пазари преку шалтер, организирани од страна на Народна банка на Република Македонија, во соработка со Министерството за финансии, на кои се врши купување и продавање на државни хартии од вредност (записи и континуирани обврзници) и реализација на репо-договори.

Член 2

Со оглед дека должничките хартии од вредност од член 1 од оваа одлука немаат котирана пазарна цена на активен пазар, а пазарите преку шалтер не се доволно активни за да претставуваат квалитетна ценовна информација, друштвата за осигурување имаат обврска да ги вреднуваат овие хартии од вредност со примена на методот на ефективна каматна стапка.

Член 3

(1) По исклучок на одредбите од член 2 од оваа одлука, друштвата за осигурување можат да користат техники на вреднување за утврдување на објективната вредност на должничките хартии

од вредност, при што друштвата за осигурување се должни да доставаат до Агенцијата за супервизија на осигурување известување за применетите техники на вреднување во прилог на тромесечните квартални финансиски извештаи.

(2) Агенцијата за супервизија на осигурување може да им наложи на друштвата за осигурување да ја променат проценетата вредност утврдена согласно став (1) од овој член доколку не одговара на вистинската состојба на пазарот.

Член 4

(1) Друштвата за осигурување се должни да ги применуваат одредбите од оваа одлука за вреднување на ставките од билансот на состојба со состојба на 31 декември 2016 година.

(2) Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**Претседател на Советот на експерти,**

Климе Попоски